Како паѓаме јас и ти

Ненад Јолдески

БИБЛИОТЕКА – **Поетите од Наше маало**

Главен уредник
Филип Димевски

Уредник на изданието
Ѓоко Здравески

© Ненад Јолдески, 2026
© Бегемот, 2026

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
Бегемот

Графичко уредување
Наталија Лукомска

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ. Забрането е копирање, умножување и објавување делови или целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Како паѓаме јас и ти

Ненад Јолдески



Скопје, 2026

Нека биде оган

Се будиш со згрчени мускули
во пеплиштето на сопствената клада
од куферот во кој несмасно го настега животот
сега се вијат последните витли чад

Излегуваш надвор од тоа јагленисано вчера
и ја наслушнуваш сувата земја

Назад се враќа само длабок рев

Тоа е само уште еден шуплив
и соголен свет во кој се роди

Знаеш
залудно е да се биде учтив кон себеси
и од пламеното езеро позајмуваш оган

Навикнат на пеколот пееш во лелек
и светот бавно го посеваш со жар

Нека биде оган

Sверилник

Тие опожарени падини не се мои
магмата, огноскокот на јадот
душите ко скаменети стени
жарта што се гневи во гламните
поразот што се дипли како знаме
крвта што баботи во слепоочниците

Во тој усвитен sверилник фрлам вода
и со прстот покажувам
еве се тие азбестни страшила
што нѐ потпалуваат како борина
нив удавете ги во љубов

Се вжаруваме

Се вжаруваме
водата зовира
се меури
парее светот
и животот
ништо ново
под старото
дебело сонце
со секое ново лето
нови дамки
на нашата младешка кожа
пепелав мов од детство
како облак се издига над нас
подоцна ќе надојде и дождот
и повторно
сè ќе заврши назад
во големиот базен

Само инсектите
што смртоносно
ќе ја бакнат водата